**Друштвото на физичарите на Р. Македонија (ДФРМ), Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ) и Македонското биолошко друштво (МБД) го даваат следново**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**За 15 Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки (IJSO 2018) што ќе се одржи во Габороне, Боцвана од 2 до 11 декември 2018 година**

Селекционите натпревари за олимпијадата (Втора македонска олимпијада по природни науки) ќе се одржатво два термини (јуни и август).

Сите потенцијални учесници на олимпијадата треба да се родени на или после 1 јануари 2003 година, односно до крајот на календарската година да не се постари од 15 години.

**Прв селекционен натпревар, петок 22 јуни 2018 (почеток во 10.00 часот), ПМФ - Скопје**

**Натпреварот ќе трае 180 минути**

На натпреварот ќе бидат поканети околу 75 ученици (по 25 учесници од натпреварите по физика, хемија и биологија), и тоа:

- Првите 10 ученици со најдобар успех на државниот натпревар за осмо одд.
- Првите 10 ученици со најдобар успех на државниот натпревар за деветто одд.
- Најмногу 5 ученици со најдобар успех на државниот натпревар за прва година.

Учениците ќе се натпреваруваат на тест кој содржи теоретски проблеми и нумерички задачи од содржините предвидени за државните натпревари по физика, хемија и биологија за осмо и деветто одделение (Содржините може да се најдат на интернет страниците на секое од друштвата).

На тестот, во секоја од областите ќе бидат дадени задачи, односно проблеми за кои се потребни математички предзнаења, како степени, функции (линеарна, квадратна, експоненцијална, логаритамска), вектори, квадратна равенка, тригонометриски функции, а за хемија треба да се совладаат и основните стехиометриски пресметки (Тема I од програмата за хемија за I год, гимназија).

Рангирањето на учениците ќе се врши според вкупниот број поени на тестот, водејќи сметка за рамномерна распределба на поените по трите области. Комисијата ќе одлучи колку ученици ќе го поминат првиот тест и ќе можат да се натпреваруваат на вториот селекционен натпревар во август 2018 година.

| **Втор селекционен натпревар, среда 22 август 2018 (почеток во 10.00 часот), ПМФ - Скопје**<br>**Натпреварот ќе трае 180 минути** |
|---|
| На натпреварот ќе бидат поканети најдобрите ученици од првиот селекционен натпревар. Одлуката ја носи комисијата составена од членови од трите здруженија..<br><br>Учениците ќе се натпреваруваат на тест кој содржи теоретски проблеми и нумерички задачи од областите физика, хемија и биологија според содржините објавени во програмата за олимпијадата која е достапна на:<br><br>http://www.ijsoweb.org/qna/IJSO_syllabus_accepted_20091204.pdf<br><br>Шест натпреварувачи кои постигнале најдобри резултати на овој натпревар (вклучувајќи и минимум рамномерна распределба на поените по области) ќе го претставуваат тимот од Република Македонија кој ќе учествува на 15 Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки. Од останатите неколку ученици ќе се формира резервен тим кој исто така ќе има можност да учествува на подготовките. |

Од септември до крајот на ноември 2018 година на Институтите за физика, хемија и биологија при ПМФ во Скопје, за време на викендите (или петок-сабота) ќе се спроведат подготовки на тимот од Република Македонија. Подготовките се задолжителни за учениците од тимот кој ќе ја претставува Македонија на IJSO 2018.

Скопје, 11.4.2018

**Друштво на физичарите на Македонија**
**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
**Македонско биолошко друштво**